СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 1 јули 1998 година

Скопје, јули 1998 година

**4 (ЧЕТВРТО) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 86-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 1 јули 1998 ГОДИНА**

ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1.. ( води сед,)

Дневен ред :

- Извештај за работата на
  Комисијата за надзор над
  раб.на Дирекцијата за безб.
  и контра разузнавање..

Усвоен е передлогот оваа седница да биде затворена

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на 86 седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1 јули 1998 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Макеоднија, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Макеоднија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Продолжуваме со работа по 86-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Ристо Марковски, Борис Павлов и Душан Данев ме известија дека од оправдани причини не се можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието можое полноважно да одлучува.

Од оваа седница ни остана Собранието да донесе Одлука дали ќе се расправа на отворена или на затворена седница по Извештајот за работа на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнување.

Имено, ни остана точката Извештајот за работа на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и

контраразузнување во периодот од април 1996 до април 1997 година.

Тоа е од строгодоверлив карактер, за што Собранието, согласно член 70 став 2 од Уставот на РМ треба да одлучи дали ќе расправа без присуство на јавност, со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници.

Бидејќи на седницата присуствуваа повеќе од две третини од вкупниот број пратеници, предлагам Собранието денеска да одлучи дали ќе го разгледа извештајот без присуство на јавност или со присуство на јавност.

Се разбира, доколку одлучиме во присуство на јавност не мораме на денешнава седница. Можеме тоа утре или идната недела да расправаме. Меѓутоа, одлуката мора да се донесе во присуство на двотретинско мнозинство на пратеници.

Кој е за тоа Собранието да го разгледува Извештајот за работа на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнување да се разгледува без присуство на јавноста, молам да крене рака?(81 пратеник).

Дали има некој против? (4 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието одлучи да го разгледа извештајот без присуство на јавноста.

Предлагам извештајот да го разгледаме по завршувањето на оваа седница, на 95 седница.

Познато Ви е дека за Одлуката подоцна не е потребно двотретинско мнозинство.

(седницата заврши во 12,40 часот).